# ДА ЗА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВЈЕТО НА ЖЕНИТЕ

# НЕ ЗА КАМПАЊИ КОИ ГИ ДИСКРИМИНИРААТ



Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на РМ - ЕСЕ

**Владата на Р. Македонија од 2009 година ја спроведува Кампањата за објаснување на последиците од абортусот - „Избери живот, имаш право на избор“.**
**Телевизиски спотови од кампањата содржат елементи со кои се дискриминираат жените, ги повредуваат репродуктивните права на жената, а воедно ги стигматизираат жените кои веќе имаат направено, или планираат да направат абортус.**

# КОЛКУ ДРЖАВНИ СРЕДСТВА СЕ ПОТРОШЕНИ ЗА ОВАА КАМПАЊА?

! Информациите за склучените договори за јавна набавка за оваа кампања не се поставени на интернет страната на Бирото за јавни набавки, што е во спротивност со Законот за јавни набавки и воспоставената пракса на Владата. Во 2009 година овие информации беа поставени на интернет страната за набрзо да бидат тргнати.

! По спроведената постапка за пристап до информации од јавен карактер согласно Законот за пристап до информации од јавен карактер, Владата не достави одговор колку средства се потрошени за оваа кампања во изминатите 4 години.

! Во 2009 година за оваа кампања Владата потрошила **36.161.576,00 денари**[1]. Овој податок е преземен од Известувања за склучени договори за јавни набавки во 2009 година, меѓутоа за жал овие документи повеќе не се јавно достапни.

! Владата троши најмалку **36 милиони денари годишно**, државни средства за оваа кампања во периодот 2009 – 2013 година. Односно досега за оваа кампања вкупно се потрошени најмалку **180 милиони денари**. Овие податоци се добиени врз основа на податоците од 2009 година, како и врз основа на податоците за останатите кампањи на Владата на РМ[2].

! **Македонската Радио Телевизија** во 2011 година за оваа Кампања **донирала околу 215.000,00 денари**, а во 2012 година околу **1 милион денари** во рекламен простор[3]. Македонската Радио Телевизија бесплатно ги емитува ТВ спотовите од оваа кампања, при тоа во 2011 година овие спотови се емитувани во вкупна минутажа од 01 час, 09 минути и 49 секунди, додека во 2012 година се емитувани во вкупна минутажа од 05 часа, 26 минути и 19 секунди[4].

*

[1] Извор: Биро за јавни набавки– bjn.gov.mk

[2] Средства издвоени за поодделни кампањи на Владата на РМ: Кампањата за поттикнување и развој на претприемачкиот дух на граѓаните на РМ – 35.987.704,00 ден. (2011 год.); Кампања за промоција на вредностите од меѓуетничкиот и меѓурелигискиот соживот – 35.274.825,00 ден. (2012 год.); Кампања за промоција на основните семејни вредности – 32.743.271,00 ден (2013 год.). Извор: Биро за јавни набавки – bjn.gov.mk

[3] Процената е направена според просечната цена на рекламен простор на МТВ. Достапно на www.mtv.com.mk/MK/marketing.aspx

[4] Извор: Одговор на Македонската Радио Телевизија на барања за пристап до информации од јавен карактер.

# СРЕДСТВАТА КОИ ВЛАДАТА ГИ ТРОШИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВЈЕТО НА ЖЕНИТЕ СЕ ЗНАЧИТЕЛНО ПОМАЛИ ОД ОНИЕ ЗА КАМПАЊАТА

Вкупниот буџет за превентивна здравствена заштита на Министерството за здравство (МЗ) во 2012 година изнесува 306.863.000,00 денари, што значи дека за оваа Кампања, Владата троши износ еднаков на 10% од буџетот за севкупната превентивна здравствена заштита на МЗ.

Значењето на овие потрошени средства може најдобро да се увиди доколку се спореди со средствата кои владата ги издвојува за Програмите за превенција и унапредување на здравјето на жените, односно Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата во РМ за 2012[5] година и Програмата за рана детекција на малигни заболувања во РМ за 2012 година[6]. Споредбата со буџетите на Програмите за превенција и унапредување на здравјето на жените на Владата на РМ е прикажан на графиконот.




Од графиконот може да се заклучи дека Владата за Кампањата со која ги дискриминира и стигматизира жените троши повеќе средства отколку што одвојува за две владини Програми кои се клучни за репродуктивното и севкупното здравје на жените.

[5] Сл. Весник бр. 8 од 2012 година

[6] Сл. Весник бр. 9 од 2012 година. Компоненти: 1. Скрининг на ракот на грлото на матката и 3. Пилот скрининг на рак на дојка

# КАКО МОЖЕ ДА СЕ ИСКОРИСТАТ ОВИЕ СРЕДСТВА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВЈЕТО НА ЖЕНИТЕ

Препорачуваме наместо Владата на РМ секоја година да троши 36 милиони денари за оваа Кампања, да ги пренамени за некоја од следните намени, кои ќе водат до унапредување на здравјето на жените.

## Со 36 милиони денари годишно Владата може:

- Да подготви и спроведе Кампања за едукација на жените за употреба на контрацепција. На тој начин ќе се зголеми употребата на контрацепција и ќе се намали стапката на абортус.
- Да подготви и спроведе Кампања за едукација на жените за потребата од редовни превентивни гинеколошки прегледи.
- Да обезбеди бесплатна контрацепција за околу 6.000 жени на годишно ниво , и со тоа да ја намали стапката на абортус.
- Да ги зголеми буџетите на Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата и на Програмата за рана детекција на малигни заболувања, за да опфати што поголем број на жени со овие Програми. Ова директно ќе води до унапредување на здравјето и продолжување на животот помеѓу женската популација во РМ.

**На крај бараме поголема транспарентност и отчетност на Владата за трошењето на државните средства, со тоа што сите договори за јавни набавки ќе бидат поставени на интернет страната на Бирото за јавни набавки.**

*

[7] Процената е дадена врз основа на пресметките во документот на Здружение ЕСЕ – „Пристап до лековите за унапредување на здравјето на жените во РМ". Стр. 11. Достапно на www.esem.org.mk

Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на РМ - ЕСЕ

Х. Е. Р. А.

A Member Association of IPPF International Planned Parenthood Federation European Network

Ул. Максим Горки бр. 20/1-4, Скопје Тел: 02 3298 295; 02 3298 296; Факс: 02 3211 453 www.esem.org.mk